РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 04-1146/12
06.07 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), директорот на Министерство за образование и наука - Бирото за развој на образованието, донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2026 за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образовнаието

1. Кандидатот **Ирена Борисовска**, по пат на интерен оглас број 01/2026 се избира за работно место **УПР0101Б04000, раководител на Одделение за издавачка дејност и педагошка документација на Одделение за издавачка дејност и педагошка документација во Сектор за издавачка дејност** - 1 изврштител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2026 со архивски број 04-1146/2 од 9.6.2026 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-3003/2 од 21.5.2026 година директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието упати барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници со архивски број 04-1146/1 од 22.5.2026 година и барање број 04-1146/3 од 9.6.2026 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието. Оделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2026 со архивски бр. 04-1146/2 од 9.6.2026 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, на ден 15.6.2026 година на веб страницата на Бирото и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-1146/9 од 25.6.2026 година (согласно Номинацијата на

членови бр. 10-1595/2 од 15.6.2026 година од Агенцијата за администрација) направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието.Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 01/2026 за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со архивски бр. 04-1146/10 од 29.6.2026 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на аминистративни службеници на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-1146/11 од 3.7.2026, со Финални ранг листи на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2026. Врз основа на ранг листите со предлог одлука за избор директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР

---------------------------

м-р Милка Тримчевска

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Емилија Пановска
Одобрил:м-р Оливер Станојоски